РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности

# за месец мај 2021

Јуни, 2021

# Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ..... 1

Испит за административно управување ..... 2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ..... 3

Соработка со други институции и меѓународна соработка ..... 4

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ..... 4

Јавни набавки ..... 4

Реализација на буџет ..... 5

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец мај 2021 година примени се 72 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, запрено е 1 барање, објавени се 64 огласи, за вкупно 124 работни места за вкупно 130 извршители. За институциите од централната власт објавени се 25 јавни огласи за 60 работни места со 64 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 39 јавни огласи за 64 работни места со 66 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | Вкупно | Институции од централната власт | | | | | Институции од локалната власт | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 72 | 1 | 64 | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| | | | | 25 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 39 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 124 | | 15 | 38 | 7 | 60 | | 3 | 40 | 21 | 64 |
| Извршители | | | 130 | | 15 | 38 | 11 | 64 | | 3 | 40 | 23 | 66 |
| Број на пријавени кандидати | | | 993 | | 70 | 490 | 34 | 594 | | 16 | 216 | 107 | 339 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 39 | 11 | 4 | 26 | 1 | 31 | 28 | 9 | 51 | 21 | 81 |

*Табела 1. Јавни огласи мај 2021*

Во истиот период мај 2021 година спроведени се 52 административни селекции за пријавени 908 кандидати, спроведени се 43 испити на кои што се поканети 545 кандидати, од кои полагале 233 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 37 огласи за 302 кандидати. Интервју е спроведено на 37 огласи со вкупно 182 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 37 огласи и предлог за избор на 179 кандидати, а од 39 спроведени огласи објавени се вкупно 112 одлуки за избор на кандидати за вработување.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервјуа | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати | | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| | | | поканети | полагале | | | | | | | | |
| 52 | 908 | 43 | 545 | 233 | 37 | 302 | 37 | 182 | 37 | 179 | 39 | 112 |

*Табела 2. Спроведени активности по огласи мај 2021*

Во Агенцијата за администрација во месец мај 2021 година примени се 22 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, запрено 1 барање, објавени се 23 огласи, за вкупно 54 работни места за 54 извршители. За институциите од централната власт објавени се 10 интерни огласи за 26 работни места со 26 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 13 интерни огласи за 28 работни места со 28 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 22 | 1 | 23 | | 10 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 13 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 54 | | 11 | 14 | 1 | 26 | | 9 | 17 | 2 | 28 |
| Извршители | | | 54 | | 11 | 14 | 1 | 26 | | 9 | 17 | 2 | 28 |

*Табела 3. Интерни огласи мај 2021*

# Испит за административно управување

Во текот на месец мај 2021 година спроведени се 8 испити за административно управување на кои се пријавиле 60 кандидати. Од нив на испитот се појавија 42 кандидати од кои испитот го положиле 35 кандидати (83%), а не го положиле 7 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени 36 се вработени во јавен сектор, 2 се во приватен сектор, додека 4 кандидати се изјасниле како невработени

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 60 | 42 | 35 | 7 | 36 | 2 | 4 |

*Табела 4. Административно управување мај 2021*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец мај 2021 година беа поднесени 27 жалби и приговори на административните службеници, од кои 16 жалби и приговори на државните службеници и 11 жалби и приговори на јавните службеници.

Во мај во просториите на Агенцијата за администрација беа одржани 6 седници, на кои беше одлучено по 26 жалби и приговори, од кои 16 жалби и приговори на државните службеници, а 10 на јавните службеници. Поради барање на дополнителни податоци и одредени списи, 21 предмет, оформени во мај преминуваат во јуни 2021 година.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на државните службеници: 11 жалби се одбиени, 3 се уважени и 2 се отфрлени како недозволени.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на јавните службеници: 5 жалби се одбиени, 2 се уважени, 1 е отфрлена како недозволена и 2 се мериторно уважени.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | Уважени | | Одбиени | | Отфрлени како недозволени | | Отстапени на друг орган | | Повлечени од подносител | | Не надлежност | | Мериторно уважени | | Мериторно одбиени | | Запрена постапка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 16 | 11 | 16 | 10 | 3 | 2 | 11 | 5 | 2 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | 2 | / | / | / | / |

*Табела 5. Обработени жалби во мај 2021*

## Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец мај 2021 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 10 предмети од кои 4 се однесуваа на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 6 предмет се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, суд и други, и тоа: Влада на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат (1); Народен правобранител (1); Државно правобранителство на Република Северна Македонија (1); Управен суд (2) и Општина Куманово (1).

Вработени од Агенцијата во текот на месец мај 2021 година присуствуваа на обука на тема:

- Присуство на обука, одржана во просториите на Агенција за примена на јазикот, на тема:
  „Обука на кадри за превод на албански-македонски јазик и обратно“, Агенција за примена на јазикот, Скопје;

- Присуство на обука на тема: „Насоки за примена на Законот за општа управна постапка и најчести предизвици во практичната примена“, одржана онлајн преку веб апликација, Друштво за консултантски услуги АЦТ-ДОО, Скопје.

## Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се 57 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои што на 37 е одговорено, на 3 не е одговорено, а за 17 електронски пораки е постапено согласно дадени насоки од надлежното раководно лице.

## Јавни набавки

Во текот на месец мај 2021 година, донесени се 2 одлуки за јавни набавки, донесена е 1 Одлука за избор и склучени се 5 договори во износ од 668.930,00 денари без ДДВ, односно 767.930,00 денари со ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 2 | / | 1 | 5 |

*Табела 6. Јавни набавки мај 2021*

# Реализација на буџет

Во месец мај 2021 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2021 година | Реализација на буџетот до 31.05.2021 | Реализација на буџетот од 01.05.2021 – 31.05.2021 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2021 |
|---|---|---|---|---|
| 401- основни плати | 23.507.000,00 | 9.262.524,00 | 1.799.619,00 | 14.244.476,00 |
| 402-придонеси за социјално осигурување | 9.153.000,00 | 3.591.783,00 | 700.360,00 | 5.561.217,00 |
| 420-патни и дневни расходи | 120.000,00 | 10.000,00 | 0 | 110.000,00 |
| 421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 2.218.000,00 | 828.642,00 | 108.562,00 | 1.389.358,00 |
| 423-материјали и ситен инвентар | 450.000,00 | 147.142,00 | 7.224,00 | 302.858,00 |
| 424-поправки и тековно одржување | 2.300.000,00 | 621.850,00 | 45.152,00 | 1.678.150,00 |
| 425-договорни услуги | 1.600.000,00 | 697.836,00 | 125.627,00 | 902.164,00 |
| 426-други тековни расходи | 400.000,00 | 186.736,00 | 0 | 213.264,00 |
| 464-разни трансфери | 175.251,00 | 148.823,00 | 30.000,00 | 26.428,00 |
| 465-исплата по извршни исправи | 36.749,00 | 36.749,00 | 0 | 0 |
| 480-купување на опрема и машини | 500.000,00 | 420.708,00 | 0 | 79.292,00 |
| 485-вложување и нефинансиски средства | 3.200.000,00 | 924.466,00 | 126.000,00 | 2.275.534,00 |
| ВКУПНО | 43.660.000,00 | 16.877.259,00 | 2.942.544,00 | 26.782.741,00 |

*Табела 7. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*